**Здружение на граѓани „Акција Здруженска“ - Скопје**

***ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ***

**за годината завршена на 31 декември 2008,**

**со извештај на независниот ревизор**

Друштво за ревизија ЦЕНСУМ ДООЕЛ Скопје

# СОДРЖИНА

ОПШТИ ПОДАТОЦИ.......................................................................................3

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР.......................................................4

БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ .......................................................6

БИЛАНС НА СОСТОЈБА ...................................................................................7

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ........................................ 8-14

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ

*Ул. "Васко Карајанов„ бр. 2-1/4*
*1000 Скопје, Р Македонија*

*www.zdruzenska.org.mk*
*info@zdruzenska.org.mk*

| | |
|---|---|
| Претседател: | **Марија Савовска** |
| Извршен одбор: | **Афердита Хаџијаха Имери** |
| | **Ирена Цветковиќ** |
| | **Невенка Лунгурова** |
| | **Весна Шкортова** |
| | **Сафије Деари** |
| Банка: | **Извозна и Кредитна Банка АД, Скопје** |

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## До ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ „АКЦИЈА ЗДРУЖЕНСКА“ – СКОПЈЕ

## *Извештај за финансиските извештаи*

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Здружението на граѓани „Акција Здруженска“ – Скопје коишто го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31 Декември 2008 како и билансот на приходи и расходи и прегледот на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации, изготвени на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективното презентирање на

финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

### *Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Здружението на граѓани „Акција Здруженска“ – Скопје заклучно со 31 декември 2008 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации.

## *Извештај за усогласеност со потпишаните договори за донација*

Здружението на граѓани „Акција Здруженска“ - Скопје има склучено договори со повеќе донатори. Список на Донатори според склучени Договори за финансирање на проекти, дадени се во прилог на извештајот. Во Договорите се специфицирани обврските на корисникот на средствата.

### *Мислење*

Според нашето мислење, Здружението на граѓани „Акција Здруженска“ – Скопје ги користело средствата во согласност со одредбите на потпишаните договори.

*Скопје, 2 април 2009 година*

Друштво за ревизија ЦЕНСУМ
ДООЕЛ Скопје

Овластен ревизор
Дипл.ек. Јорданов Стојан



# БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

| *(во илјади денари)* | **Белешка** | **Година завршена на 31.дек 2008** | **2007** |
|---|---|---|---|
| ***ПРИХОДИ*** | | | |
| Приходи од донации | 4 | 3.352 | 4.815 |
| Сопствени приходи | 4 | 8 | 14 |
| Камати и курсни разлики | 4 | 15 | 4 |
| Други приходи | 4 | - | 454 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **3.375** | **5.287** |
| ***РАСХОДИ*** | | | |
| Програмски расходи | 5 | (3.375) | (5.287) |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **(3.375)** | **(5.287)** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **-** | **-** |

**Марија Савовска**
претседател

__________

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| *(во илјади денари)* | Белешка | Година завршена на 31.дек 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| ***СРЕДСТВА*** | | | |
| **Долгорочни средства** | | **624** | **956** |
| Материјални средства | 6 | 622 | 952 |
| Нематеријални средства | | 2 | 4 |
| **Тековни средства** | | **368** | **807** |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 21 | 6 |
| Парични средства | 7 | 347 | 801 |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | **992** | **1.763** |
| ***ФОНДОВИ И ОБВРСКИ*** | | | |
| **Фондови и резерви** | | **624** | **955** |
| Деловен фонд | | 624 | 955 |
| **Тековни обврски** | | **368** | **807** |
| Обврски спрема добавувачи | | 0 | 2 |
| Обврски за примени донации во пари од меѓународни организации | | 368 | 805 |
| ***ВКУПНО ФОНДОВИ И ОБВРСКИ*** | | **992** | **1.763** |

**Марија Савовска**
претседател

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1. ОПШТО ЗА ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ „АКЦИЈА ЗДРУЖЕНСКА“ - СКОПЈЕ

Акција Здруженска е непрофитна организација основана во Јули 2004 година со седиште во Скопје, во рамките на стратешката трансформација на Програмата за жени на Фондацијата Институт отворено општество- Македонија. Нејзината работа се темели на повеќегодишно искуство во развивање и имплементација на програми за промовирање и развој на женското движење.

Основачи на Акција Здруженска се активистки со долгогодишно искуство во женскиот НВО сектор, од различни градови од Македонија, со различни професии и етничко потекло.

Акција Здруженска и нејзиното членство ги има усвоено и се води според принципите на професионалност, одговорност, солидарност, еднакви можности, транспарентност и соработка.

Како основа на задачите и активностите на здружението „Акција Здруженска“ се изјавата за мисијата и утврдените цели кои произлегоа од потребите и приоритетите во заедницата.

***Мисија на Здружението на граѓани „Акција Здруженска“ - Скопје гласи:***

***Акција Здуженска работи на јакнење и развој на женското движење во Македонија, компетентно во поглед на човековите права на жените и прашањата за родовата еднаквост, во согласност со глобалните залагања и потреби на овој план. Основна определба на организацијата е да ги јакне знаењата, вештините и способностите за идентификување и одговор на специфични потреби на Македонија во поглед на родовата еднаквост.***

Граѓаните со слободно здружување во Здружението на граѓани „Акција Здруженска“ - Скопје ја изразуваат определбата за остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на заедницата и граѓанското општество преку остварување на следните посебни цели:

- Мобилизирање и поттикнување на женската заедница на акција за остварување на своите права;
- Јакнење на институционалните капацитети на женските организации/ групи надвор од Скопје и поттикнување на нивната соработка, меѓусебна, но и со оние кои работат на национално, регионално и глобално ниво;
- Родова сензибилизација на други релевантни организации, институции, поединци и интезивирање на дијалог и соработка за прашањата поврзани со родовата еднаквост;
- Поддршка, развивање и учество во национални, регионални и глобални иницијативи;

- Посредување и придонес во размената на информации за различните искуства и знаења од теренот во поддршка на националните, регионалните и глобалните иницијативи.

Здружението на граѓани „Акција Здруженска“ своите цели ќе ги остварува преку задачите и активностите поделени во следниве програмски области:

- Развивање програми за обука и нивно спроведување, советување и информирање;
- Прибирање податоци, спроведување и публикување на родови анализи и истражувања;
- Организирање јавни настани и кампањи;
- Издавање билтени, брошури и друг вид стручна литература од областа на родовите прашања и правата на жените;
- Соработка со други домашни и меѓународни релевантни организации и иституции.

**Тековна состојба на правното лице од регистарот на здруженија на граѓани и фондации**

| | |
|---|---|
| ЕМБС | 5882028 |
| Целосен назив на правното лице | Здружение на граѓани, Здружение на граѓани АКЦИЈА ЗДРУЖЕНСКА Скопје |
| Седиште | Бул. Илинден 39/1-2, 1000 Скопје |
| Датум на основање | 31.05.2004 |
| Единствен даночен број | 4030004514220 |

## 2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на Здружение на граѓани „Акција Здруженска“ – Скопје се изготвени во согласност со Закон за сметководство за непрофитни организации.

Финансиските извештаи се изготвени на готовинска основа, каде што приходите се признаваат кога се наплатени, а расходите кога се платени, со дозволено пречекорување од 30 дена по завршување на извештајниот период.

Финансиските извештаи се изготвени врз претпоставка на континуитет во работењето, односно Здружението на граѓани „Акција Здруженска“ - Скопје нема намера и нема причини да ги прекине активностите во блиска иднина.

Финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвување на финансиските извештаи за 2008 година се прикажани во понатамошниот текст.

### 3.1 Политика на евидентирање на приходите

Приходите се евидентираат за периодите за кои се наменети, а поврзано со расходите кои се остварени. Приходите остварени и потрошени во периодот се искажуваат во тој период. Непотрошени парични средства поврзани со договори за проекти кои се во тек се пренесуваат во нареден извештаен период, како обврски за примени пари од донатори.

### 3.2 Расходи

Расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година, доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година, а под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

### 3.3 Парични средства

Паричните средства се состојат од денарска благајна, парични средства на жиро сметка во деловна банка и парични средства на девизна сметка во деловна банка.

## 4. БЕЛЕШКА 4

*(во илјади денари)*

| Приходи | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | **3.375** | **5.287** |
| **ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ** | **8** | **14** |
| Приходи од услуги | 8 | 14 |
| **ПРИХОДИ ОД КАМАТИ И ПОЗИТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ** | **15** | **4** |
| Приходи од камати | 5 | 4 |
| Приходи од позитивни курсни разлики | 10 | 0 |
| **ПРИХОДИ ОД ЧЛЕНАРИНИ, ПОДАРОЦИ, ДОНАЦИИ И ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ИЗВОРИ** | **3.352** | **4.815** |
| Приходи од членарини (придонеси), подароци и донации | 3.352 | 4.815 |
| **ВОНРЕДНИ ПРИХОДИ** | **0** | **454** |
| Вонредни невообичаени приходи | 0 | 454 |

Донациите се основен извор на приходи со кои се остваруваат целите на здружението. Дополнително се остваруваат и приходи од изнајмување на опрема. Во 2008 година не се појавуваат вонредни невообичаени приходи.

Донаторите со кои се склучени договори и износи на префрлени средства во годината може да се видат во долната табела.

*(во илјади денари)*

| Приходи по донатори | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| ФИООМ | 2.592 | 2.490 |
| УНДП | 141 | 1.287 |
| ИЗИНЕП | 83 | 55 |
| Друго | 99 | - |
| **ВКУПНО ДОНАЦИИ** | **2.915** | **3.832** |
| Приходи од претходната година | 805 | 1.788 |
| Пренесени приходи во наредната година | (368) | (805) |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **3.352** | **4.815** |

Примени средства од донатори во 2008 година изнесуваат вкупно 2.915 илјади денари. Наменски средства примени од донатори претходната година а потрошени за активности во овој период вкупно изнесуваат 437 илјади денари давајќи вкупен износ на приходи по основ на донации од 3.352 илјади денари.

## 5. БЕЛЕШКА 5

*(во илјади денари)*

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Расходи** | **(3.375)** | **(5.287)** |
| **МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА** | **(1.645)** | **(3.062)** |
| Потрошени материјали | (177) | (419) |
| Потрошена енергија | (87) | (63) |
| Инвестиционо одржување на средствата | (52) | (459) |
| Други услуги | (504) | (982) |
| Превозни - транспортни услуги | (204) | (229) |
| Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | (15) | (40) |
| Наемнини | (233) | (260) |
| Други материјални расходи | (373) | (611) |
| **ДРУГИ РАСХОДИ** | **(1.211)** | **(1.261)** |
| Провизија за платен промет | (15) | (16) |
| Премии за осигурување | (33) | (38) |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | (38) | (27) |
| Надоместоци на трошоци на работници и граѓани | (107) | (148) |
| Негативни курсни разлики | - | (32) |
| Членарини | (21) | (19) |
| Интелектуални и други услуги | (71) | (140) |
| Останати други расходи | (926) | (842) |
| **ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | **-** | **(11)** |
| Други помошти и давања | - | (11) |
| **ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ** | **(485)** | **(876)** |
| Вкалкулирани плати | (485) | (876) |
| **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ** | **(34)** | **(76)** |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | (34) | (76) |

Распоредувањето на трошоците по одделни ставки, е одраз на законска регулатива која определува конта за непрофитни организации.

## 6. БЕЛЕШКА 6

*(во илјади денари)*

| Материјални средства | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | |
| Состојба на 01.01 | 1.932 | 1.932 |
| Набавки во текот на годината | - | - |
| Отуѓување | - | - |
| Состојба на 31.12 | 1.932 | 1.932 |
| **Исправка на вредноста** | | |
| Состојба на 01.01 | (980) | (651) |
| Амортизација за тековна година | (329) | (329) |
| Отуѓување | - | - |
| Состојба на 31.12 | (1.310) | (980) |
| **Сегашна вредност на 31.12** | **622** | **952** |

Амортизацијата на материјалните средства се бележи како намалување на деловниот фонд, а не како трошок на периодот. Пресметувањето на амортизација се врши по законски определените стапки за амортизација за одделни материјални средства.

## 7. БЕЛЕШКА 7

*(во илјади денари)*

| | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Парични средства** | **347** | **801** |
| Жиро сметка | 202 | 521 |
| Денарска благајна | 63 | 38 |
| Девизна сметка | 82 | 242 |

Паричните средства на крајот на 2008 година изнесуваат вкупно 347 илјади денари и се состојат од средства на жиро сметката на здружението, средства во денарската благајна и девизни средства на девизната сметка во деловна банка.